***<u>Неофицијален пречистен текст[1]</u>***

# Т А Р И Ф Н И К

## за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата

**Предмет**

**Член 1**

Со овој Тарифник се утврдува содржината и висината на одделни надоместоци и давачки што ги наплаќа Агенцијата за супервизија на осигурувањето (во натамошниот текст: Агенцијата) од друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување и други правни и физички лица врз кои супервизија спроведува Агенцијата согласно Законот за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст ЗСО) и Законот за задолжително осигурување во сообраќајот (во понатамошниот текст ЗЗОС).

**Значење на одделни поими**

**Член 2**

За целите на овој Тарифник одделните поими го имаат следното значење:

- друштво за осигурување е правно лице дефинирано во членот 12 став (1) од ЗСО;

- друштво за застапување во осигурување е правно лице дефинирано во членот 134-а став (1) од ЗСО;

- осигурително брокерско друштво е правно лице дефинирано во членот 145 став (1) од ЗСО;

- банка е правно лице дефинирано во Законот за банките, кое врши работи на застапување во осигурување во согласност со Законот за супервизија на осигурување.”

**Содржина и висина на надоместоците**

**Член 3**

Агенцијата ги наплаќа следните видови надоместоци:

| *Тарифен број* | *Вид на услуга/надоместок* | *Износ на надоместок (во денари)* |
|---|---|---|
| 1. | **Надоместоци што се наплаќаат од друштвата за осигурување** | |
| 1.1 | Годишен надоместок за спроведување на супервизија на | **0,8% од вкупната бруто полисирана премија за** |

[1]Пречистениот текст на Тарифникот е изготвен врз основа на текстот на Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата (“Службен весник на Република Македонија” бр. 147/2009,149/2009, 154/2009, 20/2012, 130/2013, 1/2015, 22/2016, 16/2017 и “Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 23/2019, 78/2020, 41/2021, 263/2022 и 234/2024). Пречистениот текст нема правна сила. За правни цели, единствено валидни се текстовите кои што се објавени во претходно наведените Службени весници.

| | | |
|---|---|---|
| | друштвата за осигурување | **осигурување и/или реосигурување во претходната година** |
| 1.2 | Издавање дозвола за вршење на работи на осигурување | 180.000,00 |
| 1.3 | Издавање дозвола за воведување нова класа на осигурување | 50.000,00 |
| 1.4 | Издавање дозвола за пренос на осигурително портфолио | 50.000,00 |
| 1.5 | Издавање дозвола за склучување на договор за пренос на значаен дел на активностите на друго друштво за осигурување или правно лице | 50.000,00 |
| 1.6 | Издавање дозвола за статусни измени | 90.000,00 |
| 1.7 | Издавање дозвола за основање и работа на филијала на странско друштво за осигурување | 90.000,00 |
| 1.8 | Издавање дозвола за основање и работа на филијала во странство | 90.000,00 |
| 1.9 | Издавање на согласност за измена на статут | 10.000,00 |
| 1.10 | Издавање на согласност за вложување на друштво за осигурување во акции и удели во друго правно лице кои изнесуваат повеќе од 10% од капиталот на друштвото за осигурување | 10.000,00 |
| 1.11 | Издавање на согласност за именување на членови на орган на управување | 10.000,00 |
| 1.12 | Издавање на согласност за измена на назив | 6.000,00 |
| 1.13 | Издавање на согласност за измена на седиште | 6.000,00 |
| 1.14 | Издавање согласност за друштво за ревизија | 6.000,00 |
| 1.15 | Решение за назначување на актуар – согласно член 113(3) од ЗСО | 10.000,00 |
| 2. | **Надоместоци што се наплаќаат од осигурително брокерските друштва** | |
| 2.1 | Годишен надоместок за спроведување на супервизија на осигурително брокерските друштва | 0.8% од вкупниот приход од провизија за извршени осигурителни брокерски работи во претходната година |
| 2.2 | Издавање дозвола на осигурително брокерско друштво | 30.000,00 |
| 2.3 | Издавање дозвола за основање на филијала на странско осигурително брокерско друштво | 30.000,00 |
| 3. | **Надоместоци што се наплаќаат од друштвата за застапување во осигурување и банките кои вршат работи на застапување во осигурување** | |
| 3.1 | Годишен надоместок за спроведување на супервизија на друштвата за застапување во осигурувањето | 0.8% од вкупниот приход од провизија од извршени работи на застапување во осигурувањево претходната година |
| 3.2 | Годишен надоместок за спроведување на супервизија на банки кои вршат работи на застапување во осигурувањето | 0.8% од вкупниот приход од провизија од |

| | | |
|---|---|---|
| | | извршени работи на застапување во осигурувањево претходната година |
| 3.3 | Издавање дозвола на друштво за застапување во осигурувањето | 15.000,00 |
| 3.4 | Надоместок за издавање согласност за вршење работи на застапување во осигурување од страна на банка | 90.000,00 |
| 3.5 | Издавање дозвола за основање на филијала на странско друштво за застапување во осигурување | 15.000,00 |
| 4. | **Надоместоци што се наплаќаат од други физички и правни лица** | |
| 4.1 | Издавање лиценца за осигурителен брокер | 6.000,00 |
| 4.2 | Издавање лиценца за застапник во осигурувањето | 6.000,00 |
| 4.3 | Промена на лиценца за застапник во осигурување | 3.000,00 |
| 4.4 | Издавање дозвола за работа како овластен актуар | 6.000,00 |
| 4.5 | Издавање согласност за стекнување на квалификувано учество во друштво за осигурување | 60.000,00 |
| 4.6 | Издавање согласност за стекнување на квалификувано учество во осигурително брокерско друштво | 10.000,00 |
| 4.7 | Издавање согласност за стекнување на квалификувано учество во друштво за застапување во осигурување | 5.000,00 |
| 4.8 | Надоместок за спроведување на обука и стручен испит за актуар | 120.000,00 |
| 4.9 | Надоместок за спроведување на обука и стручен испит за вршење осигурително брокерски работи | 14.000,00 |
| 4.10 | Надоместок за спроведување на обука и стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување | 7.000,00 |
| 4.11 | Надоместок за признавање на квалификација за актуар стекната во странство | 4.000,00 |
| 4.12 | Надоместок за полагање на стручен испит со кој се докажува дека лицето има адекватно знаење на законите и праксата во Република Северна Македонија потребни за добивање дозвола за работа како овластен актуар во Република Северна Македонија | 20.000,00 |

**Член 3-а**

По исклучок на тарифен број 4.2 и 4.3 од овој тарифник, Агенцијата не наплаќа надоместок во случаи кога издава лиценца за застапник во осигурувањето по службена должност а врз основа на добиено известување за раскинување на договор за застапување во осигурување со едно друштво за осигурување, друштво за застапување во осигурување односно банка или раскинување на договор за застапување во осигурување во една или повеќе класи на осигурување, но согласно постојната лиценца за застапник во осигурување, лицето сеуште врши работи на застапување во осигурување за

друго друштво за осигурување, друштво за застапување во осигурување односно банка или во други класи на осигурување (има активен договор за застапување во осигурување).

**Начин на плаќање на надоместоците**

**Член 4**

(1) Надоместоците утврдени во тарифните броеви од од 1.2 до 1.15, 2.2, 2.3, 3.3, 3.4, 3.5 и од 4.1 до 4.10 од член 3 од овој Тарифник се уплаќаат во целост во моментот на поднесување на барањето за вршење на одредена услуга наведена во член 3 од овој Тарифник.

(2) Годишниот надоместок за спроведување супервизија утврден во тарифните броеви 1.1, 2.1, 3.1 и 3.2 од член 3 од овој Тарифник друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување и банките кои вршат работи на застапување во осигурувањето го пресметуваат и уплаќаат на четири еднакви рати (за четири квартали во тековната година) и тоа на следниот начин:

1. за првиот квартал од тековната година (од 1 јануари до 31 март во тековната година), најдоцна до 15 јануари во тековната година;
2. за вториот квартал од тековната година (од 1 април до 30 јуни во тековната година), најдоцна до 15 април во тековната година;
3. за третиот квартал од тековната година (од 1 јули до 30 септември во тековната година), најдоцна до 15 јули во тековната година; и
4. за четвртиот квартал од тековната година (од 1 октомври до 31 декември во тековната година), најдоцна до 15 октомври во тековната година.

(3) Основ за утврдување на висината на годишниот надоместок од став (2) на овој член претставува:

-**кај друштвата за осигурување, вкупната бруто полисирана премија за осигурување и/или реосигурување искажана во последните објавени ревидирани финансиски извештаи на друштвата (износ прикажан на позиција 202 и износ прикажан на позиција 204 од Билансот на успех**);

-кај осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурувањето вкупните приходи од провизии за извршени осигурително брокерски работи, односно работи на застапување во осигурувањето, искажани во последните финансиските извештаи на друштвата.

- кај банките кои вршат работи на застапување во осигурувањае, вкупните приходи од провизии за извршени работи на застапување во осигурувањето, искажани во кварталните статистички извештаи што банката ги доставува до Агенцијата согласно Законот.

(Пример: за деловната 2010 година основ за плаќање на годишниот надоместок за друштвата за осигурување ќе биде вкупната бруто полисирана премија за осигурување искажана во последните објавени ревидирани финансиски извештаи на друштвата за 2008 година, а за осигурително брокерските друштва и друштвата за застапување во осигурувањето вкупните приходи од провизии за извршени осигурително брокерски работи, односно работи на застапување во осигурувањето искажани во финансиските извештаи за 2008 година; “

(4) Друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва, друштвата за застапување во

осигурување и банките кои за првпат, по добивање дозвола од Агенцијата, се регистрираат во регистрите на друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштвата за застапување во осигурување и банки кои вршат работи на застапување во осигурување што ги води Агенцијата, до добивање на податоци за основот за утврдување на висината на годишниот надоместок за спроведување супервизија согласно став (3) од овој член, плаќаат квартален паушален износ на надоместок кој се однесува на првиот нареден квартал после кварталот во кој друштвото за осигурување, осигурителното брокерско друштва, друштвото за застапување во осигурување односно банката започнало со вршење работи на осигурување, осигурително брокерски работи односно работи на застапување во осигурување и тоа во износ од:

1) 50.000,00 денари за друштвата за осигурување;

2) 20.000,00 денари за осигурителните брокерски друштва;

3) 15.000,00 денари за друштвата за застапување во осигурување;

4) 20.000,00 денари за банките кои вршат работи на застапување во осигурување.

(5) Износот на надоместок од ставот (4) на овој член, доспева за плаќање на 15ти во првиот месец по истек на кварталот во кој друштвото за осигурување, осигурителното брокерско друштва, друштвото за застапување во осигурување односно банката започнало со вршење работи на осигурување, осигурително брокерски работи односно работи на застапување во осигурување и истиот се плаќа за секој квартал до добивање на податоци за основот за утврдување на висината на годишниот надоместок согласно став (3) од овој член.

(6) Во случај на престанок или одземање на дозволата за вршење работи на осигурување, дозволата за вршење работи на застапување во оигурување односно осигурително брокерски работи како и во случај на повлекување на согласноста за вршење работи на застапување во осигурување од страна на банка, годишниот надоместок од став (2) на овој член, друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување и банките го уплаќаат заклучно со кварталот во кој е донесено решение за престанок односно одземање на дозволата односно решение за повлекување на согласноста од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

(7) Во случај на статусни измени - присоединување/спојување/поделба на друштва за осигурување, осигурително брокерски друштва, друштва за застапување во осигурување и банки, во основот за утврдување на висината на годишниот надоместок за спроведување супервизија согласно став (2) од овој член на друштвото кое што презема/друштвото корисник/друштвото што се основало се пресметува и износот на вкупната бруто полисирана премија односно вкупниот приход од провизија за извршени осигурителни брокерски работи односно извршени работи на застапување во осигурување искажан во последните ревидирани финансиски извештаи на друштвото кое што се присоединило/друштвата кои што се спoиле/друштвото што се дели, до денот на упис на статусната измена во централниот регистар.

(8) Уплатените надоместоци од став (1) на овој член не подлежат на враќање во случај на откажување од поднесеното барање за добивање лиценца, дозвола односно согласност како и во случај на отфрлање или одбивање на поднесеното барање кое било основ за нивно плаќање."

(9) Надоместоците утврдени во тарифните броеви од членот 3 од овој Тарифник се уплаќаат на Агенцијата за супервизија на осигурување, на денарска сметка број:

- 210065288480132, банка на примачот: НЛБ Банка АД Скопје
- 200002007041251, банка на примачот: Стопанска банка АД Скопје
- 270065288480139 банка на примачот: Халк Банка АД Скопје"

**Преодни и завршни одредби**

**Член 5**

**(Член 3 од Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата објавен во "Службен весник на РМ" бр. 147/2010)**

Овој Тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1.1.2010 година.

**Член 6**

**(Член 4 од Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата објавен во "Службен весник на РМ" бр. 20/2012, член 4 од Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата објавен во "Службен весник на РМ" бр. 130/2013 и член 2 од Тарифникот за изменување и дополнување на содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата објавен во "Службен весник на РМ" бр. 1/2015)**

Овој Тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Член 7**

**(Член 3 од Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата објавен во "Службен весник на РМ" бр. 22/2016)**

Годишниот надоместок за спроведување супервизија утврден во тарифниот број 3.2 од член 3 од овој тарифник кој се однесува на првиот квартал од 2016 година, банките ќе го уплатат најдоцна до 1 март во 2016 година.

**Член 8**

**(Член 4 од Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата објавен во "Службен весник на РМ" бр. 22/2016)**

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Член 9**

**(Член 2 од Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и**

**роковите за уплата објавен во "Службен весник на РМ" бр. 16/2017)**

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 10**

**(Член 5 од Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата објавен во "Службен весник на РМ" бр. 23/2020)**

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

**Член 11**

**(Член 3 од Тарифникот за изменување и дополнување на Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата објавен во "Службен весник на РМ" бр. 78/2020)**

Овој тарифник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија.

**Претседател на Советот на експерти,**
**Крсте Шајноски**